***ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ВЕТЕРИНАРНИТЕ ДРУШТВА И ДОКТОРИТЕ ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ПОД ЧИЈ НАДЗОР СЕ СПРОВЕДУВА ПРИПРАВНИЧКИ СТАЖ И НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРИПРАВНИЧКИОТ СТАЖ***

***I.ОПШТИ ОДРЕДБИ***

*Член 1*

Со овој правилник се уредуваат критериумите што треба да ги исполнуваат ветеринарните друштва, за спроведување на приправнички стаж.
Со овој правилник се уредуваат критериумите што треба да ги исполнуваат докторите по ветеринарна медицина-**ментори**, под чиј надзор се спроведува приправничкиот стаж на докторите по ветеринарна медицина-**стажанти**.
Приправничкиот стаж се спроведува согласно утврден план и програма согласно закон.
Стажантите треба да ги исполнуваат критериумите пропишани во листата на компетенции.

***II. КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ВЕТЕРИНАРНИТЕ ДРУШТВА***

*Член 2*

Приправничкиот стаж на стажантите ќе се спроведува во ветеринарни установи, регистрирани за ветеринарно-медицинска дејност во институции кои спровцедуваат дистрибутивна дејност на ветеринарно-медицински препарати и во Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ).
Приправничкиот стаж на докторите по ветеринарна медицина може да се спроведе и кај оператори на храна, преработувачки капацитети и други установи кои имаат вработени доктори по ветеринарна медицина-ментори.

**III. КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ДОКТОРИТЕ ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА-МЕНТОРИ**

*Член 3*

Менторот го организира, следи и спроведува, планот и програмата за приправнички стаж, пропишани со овој правилникот, обезбедува дополнителни активности за стажантот и на крај од стажот пополнува листа на есенцијални компетенции кои стажантот треба да ги совлада во текот на стажот.
Менторот може да води најмногу 2 стажанти во исто време, кои го обавуваат стажот.

*Член 4*

Менторот треба да ги исполне следниве критериуми:

1. има лиценца за работа и работно искуство од минимум 5 години
2. има доказ за заснован работен однос
3. сертификати за учество во различни облици на континуирана стручна едукација, симпозиуми, семинари, работилници и други облици на стручно усовршување.
4. Собере минимум 60% од потребните бодови од учество во различни облици на континуирано образование за претходната година.
5. Ги познава препорачаните компетенции кои стажантот треба да ги совлада во текот на стажот.

*Член 5*

Менторите за спроведување на приправничкиот стаж ги определува Стручниот одбор на Ветеринарната комора на Република Македонија според критериумите наведени во член 4.
Кандидатите за ментор доставуваат барање за менторство до Стручниот одбор.
Изгледот на барањето за ментор и потребната документација ја пропишува Стручниот одбор на комората.

### *IV.ПЛАН ЗА ПРИПРАВНИЧКИ СТАЖ*

*Член 6*

Приправничкиот стаж трае 6 месеци или 960 работни часа.
За време на приправничкиот стаж стажантот треба да се запознае и совлада со компетенциите од член 10 на овој правилник.

*Член 7*

Периодот на стажирање ги опфаќа различните облици на практично запознавање, а се групирани во следниве области:

- Стаж со работа на фармски* животни (минимално 240 часа)-
- Стаж со работа кај домашни миленици** (минимално 240 часа)-
- Стаж со работа кај управни органи***-АХВ (максимално 120 часа)-
- Стаж поврзан со работа во веледрогерии (максимално 160 часа)-
- Стаж поврзан со работа во млечно-преработувачки капацитети (максимално 160 часа)-
- Стаж поврзан со работа во месно преработувачки капацитети (максимално 160 часови)
- Стаж поврзан со работа кај други оператори со храна (максимално 160 часови)-

*Член 8*

Кандидатот стажант, до Стручниот одбор на Ветеринарната комора, доставува пријава со програма од области која сака да ја исполни.

Во пријавата, стажантот треба да ги исполни обврските од член 6, став 1 и член 7.

*Член 9*

Стручниот одбор, врз основа на пријава на кандидатот, донесува одлука за реализација на стажот со точно предвиден распоред за стажирање.
Стручниот одбор одредува ментор за стажантот, од листата на ментори.

***V.*** ЛИСТА НА ЕСЕНЦИЈАЛНИ/ПРЕПОРАЧАНИ КОМПЕТЕНЦИИ КОИ СТАЖАНТОТ ТРЕБА ДА ГИ ЗНАЕ ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕ НА СТАЖОТ

*Член 10*

Основни професионални вештини и атрибути со кои се опишуваат истакнатите карактеристики на докторот по ветеринарна медицина;

- ефикасна комуникација со клиентите, поставува јавни, професионални колегијални и одговорни прашања; слуша и ефикасно одговара, користејќи јазик во форма соодветна за клиентите;
- подготвува јасен извештај за случајот, чува евиденција за пациентите во форма која е задоволителна за колегите и разбирлива за јавноста;
- работи ефикасно како член на интердисциплинарна екипа;
- ДВМ треба да биде свесен за етичките одговорности во однос на грижата за пациентот и односот со клиентот, и општо во заедницата, во однос на можното влијание врз околината и општеството во целост;
- ДВМ треба да биде свесен за економската и емоционалната клима во која работи и соодветно да одговори на влијанијата од таквите притисоци;
- ДВМ треба да има желба да ги користи своите професионални квалитети да придонесе што е можно повеќе за напредокот на ветеринарната медицина со цел да се подобри ветеринарната пракса и да се подобри квалитетот на грижата за животните, благосостојбата на животните и јавното ветеринарно здравство (докази базирани на медицина);
- ДВМ треба да поседува основно знаење за организацијата и менаџментот на ветеринарната пракса, во кои се вклучени:
    - свесност за своите работни одговорности и оние на работодавецот, во однос на вработувањето и здравјето;
    - безбедносната легислатива, и позицијата во однос на кадарот и јавноста;
    - познавање како се пресметуваат цените и како се прават фактури, како и важноста од следење на системите за водење евиденција и книговодство;
    - компјутерска евиденција и извештаи за случаи;
    - способост ефикасно да користи информатичка технологија и да комуницира, дели, собира, манипулира и анализира информации;
    - важноста на усогласување со поставените стандарди и со политиката на праксата
- ДВМ треба да ги разбере потребите и професионалните должности за посветеност и континуирана едукација и обука, и професионален развој, во текот на неговиот професионален живот;
- ДВМ треба да делува професионално во однос на професионалните и законски одговорности како и да ги разбира и употребува етичките кодекси на соодветни регулаторни тела;

- ДВМ треба да биде способен да се справи со нејаснотии и да се адаптира на промени;
- ДВМ треба да биде свесен за персоналните ограничувања, и да покажува свест кога и од кого да побарува професионален совет, помош и поддршка;
- ДВМ треба да поседува основни познавања за ветеринарната пракса.

ОСНОВНИ ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ. Стажантот во текот на извршување на стажот треба да добие широки познавања за:

- како да се проценуваат доказите;
- градбата и функцијата на здрави животни и нивно одгледување;
- етиологијата, патогенезата, клиничките знаци, дијагностиката и третманот на вообичаените заболувања и пореметувања кои се јавуваат кај вообичаените видови фармски животни и домашни миленици;
- легислативата која се однесува на благосостојбата (вклучувајќи го транспортот) на животните и заболувањата кои се пријавуваат;
- легислативата за ветеринарно медицински препарати (ВМП) и упатствата за одговорно користење лекови;
- принципите на превенција на заболувања и унапредување на здравјето и благосостојбата на животните;
- прашања од јавното здравство вклучувајќи ги зоонозите.

ПРАКТИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ. Стажантот во текот на извршување на стажот треба да биде способен да ги извршува следниве активности:

- добие точна и релевантна анамнеза за единечно или група животни, и неговата/нивната околина;
- манипулира и го обезбедува животното безбедно и хумано, како и да ги насочува другите лица во користењето на овие техники;
- изведе целосен клинички преглед;
- дава помош врз сите вообичаени видови домашни животно во состојба на итност и да изведе основна прва помош (Дополнување: Проблемите со кои треба да се справи вклучуваат прва помош и справување со крварења, рани, тешкотии при дишење, повреди на очи и уши, губиток на свест, клинички повреди, изгореници, ткивни оштетувања, оштетувања на внатрешни органи и запирање на срцевата акција. Првата помош која треба да се примени вклучува превивање, чистење, имобилизирање на екстремитети, процедури за реанимација, контрола на крвавења.);
- да врши правилна проценка на нутритивниот статус на животното и да биде способен да го советува клиентот за принципите на исхраната и сточарењето;
- собира, чува и транспортира примероци, изведува стандардни лабораториски тестови, и да ги интерпретира резултатите од сопствената лабораторија, како и оние добиени во други лаборатории;
- користи рентгенграфска, ултразвучна, и друга техничка опрема која може да се користи како помош во дијагностиката, безбедно и согласно современите прописи;
- следи соодветни процедури после дијагностицирање на заразни заболувања кои се пријавуваат но и кај зоонозите;
- коректно да извршува сертификација;
- знае да пристапи кон соодветни извори на информации за регистрирани ВМП; препишува и раствора ВМП точно и одговорно во согласност со релевантната легислатива и осигура да ВМП и отпадоците се безбесно складирани и/или

отстранети;

- правилно да ги употребува принципите за стерилизација на хируршка опрема;
- правилно да ги употребува принципите на асептична хирургија;
- безбедно изведува седација, општа и локална анаестезија, и да смирува и контролира болка;
- дава совети, и да аплицира правилен третман;
- препознае кога е потребна еутаназија и хумано да ја изведе, користејќи соодветна метода, истовремено покажувајќи чувствителност кон емоциите на сопствениците и другите, и во однос на тоа безбедност на присутните; да советува за отстранувањето на трупот;
- изведува основен постмортален преглед, евидентира детали, зема примероци од ткиво, ги складира и транспортира;
- изведе анте и постмортален преглед на животни наменети за исхрана и точно ги идентификува условите кои влијаат врз квалитетот и безбедноста на продуктите од животинско потекло;
- добива и имплементира основна евиденција за здравјето и благосостојбата (и производствена евиденција каде што е потребно);
- советува и креира превентивни и профилактички програми соодветни за видот (здравје на стадо) и да ги одржува прифатените здравствени стандарди, стандардите за добробит и јавно здравство, барајќи совет и помош од колеги доколку смета дека е потребно;
- ги минимизира опасностите од контаминација, вкрстена инфекција и акумулација на патогените во просториите и на терен.

*Член 11*

После завршување на стажот, менторот за извршениот стаж подготвува завршен извештај.
Завршниот извештај се состои од информации кои се однесуваат на временскиот период на стаж, местото каде се спроведе стажот, а кои се во согласно членовите 6 и 7 од овој правилник.
Составен дел на завршниот извештај кој задолжително го пополнува менторот е и поединечниот контролен лист за стажант.

## *V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

*Член 12*

Овој правилник го донесува Стручниот одбор на Ветеринарната Комора на Република Македонија, а го верификува Извршниот одбор на Комората.
Правилникот се објавува во Билтенот на Ветеринарната Комора и на нејзината веб страна.
Важноста на правилникот започнува од 8 ден од објавувањето.

Ветеринарна комора на Р. Македонија

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Д-р Томислав Николовски

Забелешки:

***фармски животни:** ја опфаќа праксата со говеда, мали преживари, птици, копитари и свињи (на барање од стажант, тој може да се ослободи од пракса со свињи, само врз основа на религиска определба)

**** миленици:** ја опфаќа праксата со малите животни и копитари, зоо животните и другите егозитични животни

***** управните органи:** во периодот на стажирање на стажантот треба да му се овозможи запознавање со делокругот на работа

****** дополнителен стаж:** за извршување на дополнителен стаж во различни преработувачки капацитети потребно е да има запослен доктор по ветеринарна медицина со исполнети услови за менторство.

Анекс 1

## Контролен лист за есенцијални компетенции кои стажантот треба да ги совлада после завршување на стажот

Стажантот активно учествува во процесот на работа за време на стажот, со што ги дополнува компетенциите добиени во текот на студирањето. Стажантот после завршување на стажот, треба да ги совлада компетенциите групирани во неколку области. Менторот, задолжително го пополнува контролниот лист за секој стажант по завршување на стажот:

А. *Основни професионални вештини со кои се опишуваат карактеристиките на докторот по ветеринарна медицина (ДВМ).*

ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ ВЕШТИНИ И АТРИБУТИ:

| Компетенции | Ги совлада | Не ги совлада | Коментари |
|---|---|---|---|
| ДВМ-ефикасно комуницира со клиенти, поставува јавни, професионални и одговорни прашања; слуша и ефикасно одговара, користејќи јазик во форма соодветна за клиентите | | | |
| ДВМ-подготвува јасен извештај за случај, чува евиденција за пациенти во форма која е задоволителна за колегите и разбирлива за јавноста | | | |
| ДВМ работи ефиксно како член на тим | Да | Не | |
| ДВМ-е свесен за етичките одговорности во однос на грижата за пациенти и односот кон клиентите, општо кон заедницата, однос врз околина и општество | | | |
| ДВМ е свесен за економската и емоционалната клима во која работи и соодветно да одговори на влијанијата од таквите притисоци | | | |
| ДВМ со желба ги користи своите професионални квалитети за придонес во напредок на ветеринарната медицина со цел подобрување на ветеринарната пракса, подобрување на квалитетот на грижа и благосостојбата за животните, | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| подобрување на јавното ветеринарно здравство | | | |
| ДВМ-поседува основно знаење за организација и менаџмент на ветеринарната пракса и тоа:<br>• свесно за своите работни одговорности и оние на работодавецот, во однос на вработувањето и здравјето; | | | |
| • безбедносна легислатива, и позиција во однос на кадар и јавност; | | | |
| • познавање како се пресметуваат цени, како се прават фактури, како и важноста од следење на системите за водење евиденција и книговодство; | | | |
| • компјутерска евиденција и извештаи за случаи; | | | |
| • способост ефикасно да користи информатичка технологија и да комуницира, дели, собира, манипулира и анализира информации;<br>• важноста на усогласување со поставени стандарди и со политика на пракса | | | |
| ДВМ-ги разбира потребите и професионалните должности за посветеност и континуирана едукација и обука, како и професионален развој, во текот на неговиот професионална кариера | | | |
| ДВМ-делува професионално во однос на професионалните и законски одговорности, ги разбира и употребува етичките кодекси на регулаторни тела | | | |
| ДВМ е способен да се справи со нејаснотии и да се адаптира на промени | | | |
| ДВМ е свесен за персоналните ограничувања, покажува свест кога и од кого да побарува професионален совет, помош и поддршка | | | |
| ДВМ поседува основни познавања за ветеринарната пракса | Да | Не | |

Б *Практично-базирани ветеринарни компетенции*

| ОСНОВНИ КОМПЕТЕНЦИИ | Ги совлада | Не ги совлада | Коментари |
|---|---|---|---|
| Ги проценува доказите | | | |
| Градбата и функцијата на здрави животни и нивно одгледување | | | |
| Етиологија, патогенеза, клинички знаци, дијагностика и третман на вообичаени заболувања и пореметувања кои се јавуваат кај вообичаените видови фармски животни и домашни миленици | | | |
| Легислатива која се однесува на благосостојбата (вклучувајќи го транспортот) на животните и заболувањата кои се пријавуваат | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Легислатива за ветеринарно медицински препарати (ВМП) и упатствата за одговорно користење лекови | | | |
| Принципите на превенција на заболувања и унапредување на здравјето и благосостојбата на животните | | | |
| Прашања од јавното ветеринарно здравство вклучувајќи ги зоонозите | | | |

| ПРАКТИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ | Ги совлада | Не ги совлада | Коментари |
|---|---|---|---|
| Добива точна и релевантна анамнеза за единечно или група животни, и неговата/нивната околина | | | |
| Манипулира со животното безбедно и хумано, и ги насочува другите лица во користењето на овие техники | | | |
| Изведува целосен клинички преглед | | | |
| Дава помош врз сите вообичаени видови домашни животно во состојба на итност и изведува основна прва помош (*Појаснување: Проблемите со кои треба да се справи вклучуваат прва помош и справување со крварења, рани, тешкотии при дишење, повреди на очи и уши, губиток на свест, клинички повреди, изгореници, ткивни оштетувања, оштетувања на внатрешни органи и запирање на срцевата акција. Првата помош која треба да се примени вклучува превивање, чистење, имобилизирање на екстремитети, процедури за реанимација, контрола на крвавења.)* | | | |
| Врши правилна проценка на нутритивниот статус на животното и е способен да го советува клиентот за принципите на исхраната и сточарењето | | | |
| Собира, чува и транспортира примероци, изведува стандардни лабораториски тестови, и интерпретира резултати од сопствената лабораторија, како и оние добиени во други лаборатории | | | |
| Користи РТГ, ЕХО, и друга техничка опрема која може да се користи како помош во дијагностиката, безбедно и согласно современите прописи | | | |
| Следи соодветни процедури после дијагностицирање на заразни заболувања кои се пријавуваат, како и кај зоонозите; | | | |
| Коректно и вистинито извршува сертификација | | | |
| Знае да пристапи кон соодветни извори на информации за регистрирани ВМП; препишува и раствора ВМП точно и одговорно во согласност со релевантната | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| легислатива; Осигурува безбедно складирање и/или отстранување на ВМП. | | | |
| Правилно ги употребува принципите за стерилизација на хируршка опрема. | | | |
| Правилно ги употребува принципите на асептична хирургија | | | |
| Безбедно изведува седација, општа и локална анаестезија, смирува и контролира болка | | | |
| Дава совети, и аплицира правилен третман | | | |
| Препознава кога е потребна еутаназија и хумано ја изведува, користејќи соодветна метода. Ппокажува чувствителност кон емоциите на сопствениците и другите, и во однос на тоа безбедност на присутните. Советува за отстранувањето на лешот | | | |
| Изведува основен постмортален преглед, евидентира детали, зема примероци од ткиво, ги складира и транспортира | | | |
| Изведува анте и постмортален преглед на животни наменети за исхрана и точно ги идентификува условите кои влијаат врз квалитетот и безбедноста на продуктите од животинско потекло | | | |
| Имплементира основна евиденција за здравјето и благосостојбата (и производствена евиденција каде што е потребно) | | | |
| Советува и креира превентивни и профилактички програми соодветни за видот (здравје на стадо), ги одржува прифатените здравствени стандарди, стандардите за добробит и јавно здравство, барајќи совет и помош од колеги доколку е потребно. | | | |
| Ги минимизира опасностите од контаминација, вкрстена инфекција и акумулација на патогените во просториите и на терен. | | | |

Ментор:

____________________

(бр. лиценца )